РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА - MINISTRIA E KULTURËS
Управа за заштита на културното наследство
Drejtoria e Mbrojtjes së Trashëgimisë
Бр.-Nr. 02 - 2135/1
30.06 20 23 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

*Република Северна Македонија*
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Управа за заштита на културното наследство

# П Р О Ц Е Д У Р А
# ЗА НАЧИНОТ НА УНИШТУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ, КАКО И НАЧИНОТ НА УНИШТУВАЊЕ, БРИШЕЊЕ И ЧИСТЕЊЕ НА МЕДИУМТЕ ВО УПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Скопје, јуни 2023 година

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и („Службен весник на Р.С.М." бр. 96/19 и 110/19) и врз основа на член 10, став 2 од Правилникот за безбедност на обработката на на личните податоци („Службен весник на РСМ" бр. 122/20), директорот на Управата за заштита на културното наследство донесе

# ПРОЦЕДУРА
## ЗА НАЧИНОТ НА УНИШТУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ, КАКО И НАЧИНОТ НА УНИШТУВАЊЕ, БРИШЕЊЕ И ЧИСТЕЊЕ НА МЕДИУМТЕ ВО УПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Член 1

Со оваа процедура се пропишува начинот на уништување на документите, како и начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите што се користат за обработување на личните податоци од страна на Управата за заштита на културното наследство (во понатамошниот текст: УЗКН).

Член 2

Документите кои што содржат лични податоци по истекот на определениот рок за нивно чување согласно прописите за канцелариско и архивско работење се уништуваат од страна на посебна комисија именувана од Директорот на УЗКН.

Документите од став 1 на овој член се уништуваат на соодветен начин по што не би можеле да бидат повторно читливи, односно употребувани за што комисијата составува записник кој што го доставува до Директорот на УЗКН.

Член 3

Медиумот на кој што се наоѓаат личните податоци по истекот на определениот рок за чување, се уништува, брише или пак се чисти од личните податоци кои се снимени во него.

Уништувањето на медиумот се врши со механичко разделување на неговите составни делови, при што истиот повторно да не може да биде употреблив.

Бришењето или чистењето на медиумот се врши на начин што оневозможува понатамошно обновување на снимените лични податоци.

За уништувањето се составува записник, кој ги содржи сите податоци за целосна идентификација на медиумот, како и за категориите на лични податоци снимени на истиот.